The Project is funded
by the European Union

ENHACED INVOLVEMENT OF CIVIL SOCIETY
IN THE EU INTEGRATION REFORMS
**Project: Social Inclusion trough Social Networks among CSO and Social Entrepreneurship**
**(4SNET)**
**Contract no. 12-7456/1**

4SNET

# УПАТСТВО ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ НА Е-ПЛАТФОРМА

Во рамки на проектот **„Социјална инклузија преку социјални мрежи помеѓу граѓанските организации и социјално претприемништво (4SNET)"** финансиран од Европската Унија преку секторот за Централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД)-Министерство за финансии на Република Македонија, во рамки на грантовата шема за имплементирање проекти насочени кон зголемување на конкурентоста на земјите корисннички, имплементиран од Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија Куманово во партнерство со Асоцијацијата на жени Линда од Куманово, е изработена и воспоставена **Е-платформа во рамки на ЕУ проектот.**
**Е-платформата** има за цел да ги вклучи сите оперативни граѓански организации и јавни институции, како и индивидуалци кои делуваат во областа на социјална инклузија и социјално претприемништво.
Е платформата е дел од интерактивниот веб портал кој е поврзан со веб порталот на проектот, која служи за размена на информации, вмрежување, едукација со on-line едукација, социјално претприемништво и други позначајни информации од делот на социјална инклузија.

Сите организации и индивидуалци кои зедоа учество во проектот од североисточен и источен регион, како и сите заинтересирани, кои делуваат во областа на социјална инклузија и социјално претприемништво можат да се зачленат на Е платформата. Со самото зачленување доброволно се согласуваат да споделуваат и да превземаат информации од истата.

## И Н С Т Р У К Ц И И:

**<u>За Граѓански организации и институции:</u>**

**Чекор 1:** На **GOOGLE** ја внесувате адресата **platform.4snet.eu**

**Чекор 2:** Кога ќе ви се отвори страницата, во десниот агол гор имате жолто обележано поле во кое пишува **РЕГИСТРАЦИЈА**. Кликнувате и ви се отвара табела за регистрација.

The Project is implemented by:

Foundation for small and medium enterprises development Kumanovo

„Социјална вклученост преку социјални мрежи помеѓу граѓански и социјалното претприемништво (4SNET)" „Social inclusion through Social networks among CSO and Social Entrepreneurship (4SNET)" EuropeAid/138660/ID/ACT/MK Бр. на договор 12 7456/1

KUMANOVO А.Ж.Л. LINDA

**Чекор 3:** Во полето **Аплицирајте за кориснички профил**, имате две полиња лево и десно. **Лево-Организација**, **Десно-Физичко** лице. Во зависност од тоа дали сте организација или физичко лице го кликнувате соодветното поле.

**Чекор 4:** Ги внесувате сите потребни информации во полињата: Име и Презиме, Име на организација, email адреса, телефонски број, локација, број на вработени – за организации. Откако ќе ги внесете информациите, кликнете **Регистрирај се**.

**Чекор 5:** Откако ќе се регистрирате, чекате потврда за регистрација на вашиот e-mail. На e-mailot ќе ви стигне user и password. Откако ќе ви биде потврдено дека сте регистрирани, одите на платформата и во горниот десен агол го кликнувате полето **Најава.** Се најавувате.

**Чекор 6:** Откако ќе се најавите во горниот десен агол имате поле **Мој профил**. Кликате на полето и ви се отвара табела за **организацијата**. Таму ги внесувате сите позначајни информации **за** Вашата организација кои сакате да ги споделите со другите организации и засегнати страни кои ќе бидат дел од платформата. Поточно тука креирате Ваш мини профил на организацијата и можете да споделувате Ваши слики и видеа.

**Чекор 7:** Откако сте ги внеле информациите кликате на полето **Сними**. Со ова постапката за регистрација и ажурирање на потребните информации е завршена целокупната регистрација на платформата. Вашиот Кориснички профил е регистриран и можете перманентно да пристапувате на Е-платформата кога ќе имате потреба.

**Во делот на Медија центар од Е-платформата, можете да споделувате разни видеа и слики кои се поврзани со социјалната инклузија и социјалното претприменииштво, воедно тука можете да ставате Ваши коментари и да контактирате со другите организации кои се членски на платформата.**

**<u>За Физички лица:</u>**

**Чекор 1:** На **GOOGLE** ја внесувате адресата **platform.4snet.eu**

**Чекор 2:** Кога ќе ви се отвори страницата, во десниот агол гор имате жолто обележано поле во кое пишува **РЕГИСТРАЦИЈА**. Кликнувате и ви се отвара табела за регистрација.

**Чекор 3:** Во полето **Аплицирајте за кориснички профил**, имате две полиња лево и десно. **Лево-Организација**, **Десно-Физичко** лице. Го кликнувате соодветното поле за физички лица.

**Чекор 4:** Ги внесувате сите потребни информации во полињата: име и презиме, email адреса, град, телефонски број, локација. Откако ќе ги внесете информациите, кликнете **Регистрирај се.**

**Чекор 5:** Откако ќе се регистрирате, чекате потврда за регистрација на вашиот e-mail. На e-mailot ќе ви стигне user и password. Откако ќе ви биде потврдено дека сте регистрирани, одите на платформата и во горниот десен агол го кликнувате полето **Најава.** Се најавувате.

Со ова Вашата постапка за регистрација и отварање на Кориснички профил е завршена.

Како активен член на **Е платформата** ќе можете да ги користите сите информации, да симнувате презентации и едукативни видеа, сами да поставувате едукативни видеа и презентации, да поставувате аудио записи, да разменувате контакти, да споделувате информации и да се вмрежувате.

Фондација за развој на МСП Куманово
**ЕУ проект „Социјална инклузија преку социјални мрежи помеѓу граѓанските организации и социјално претприемништво (4SNET)"**

Фондација за развој на мали и средни претпријатија Куманово